**СОУ „Цар Самоил“**
ул. „Кочо Рацин“ бр. 48 Ресен
Тел: 047/ 451 060
е-маил: carsamoil_resen@yahoo.com

Врз основа на член 42 од Законот за средно образование („Службен весник на РМ” бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67,04, 55/05 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18) и („Службен весник на РСМ” бр. 229/20), Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта во учебната **2025/2026** година во Република Северна Македонија и Конкурсот за изменување и дополнување на Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта во учебната **2025/2026** година во Република Северна Македонија објавени од Министерството за образование и наука и член 45 од Статутот на Средното општинско училиште „Цар Самоил” Ресен, Училишната комисија за запишување на ученици објавува:

# И Н Т Е Р Е Н  О Г Л А С

## за запишување на ученици во прва година за учебната 2025/2026 година

Во прва година во училиштето ќе **се запишат 245 ученици во 8 паралелки** (127 ученици во 4 паралелки со настава на македонски јазик, 59 ученици во 2 паралелки со настава на албански јазик и 59 ученици во 2 паралелки со настава на турски јазик) **според наставни планови и програми за:**

| **Гимназиско образование**<br><br>136 ученици во 4 паралелки<br>60 минимум поени | | |
|---|---|---|
| - Македонски наставен јазик | 68 ученици 2 паралелки | 4 г. тр. 60 минимум поени |
| - Албански наставен јазик | 34 ученици 1 паралелка | 4 г. тр. 60 минимум поени |
| - Турски наставен јазик | 34 ученици 1 паралелка | 4 г. тр. 60 минимум поени |

| **Сектор Земјоделство, рибарство и ветеринарство**<br><br>75 ученици во 3 паралелки<br>40/45 минимум поени | | | |
|---|---|---|---|
| - **агротехничар/техничар за фитомедицина** *во соработка со компании**:** | | | |
| - Македонски наставен јазик | 25 ученици 1 паралелка | 4 г. тр. | 40/45 минимум поени |
| - **агротехничар/техничар за фитомедицина***во соработка со компании**:** | | | |
| - Албански наставен јазик | 25 ученици 1 паралелка | 4 г.тр. | 40/45 минимум поени |
| - **агротехничар/техничар за фитомедицина***во соработка со компании**:** | | | |
| - Турски наставен јазик | 25 ученици 1 паралелка | 4 г. тр. | 40/45 минимум поени |

| Сектор Економија, право и трговија<br><br>34 ученици во 1 паралелка<br>60 минимум поени | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **- техничар за е - трговија и дигитален маркетинг** | | | | |
| - Македонски наставен јазик | 34 ученици | 1 паралелка | 4 г. тр. | 60 минимум поени |

1. **<u>УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ПРВА ГОДИНА:</u>**
   *************************************

- Да имаат завршено основно образование;

- Да не се постари од 17 години;

- Да се определиле за план и програма за еден од следните видови онразование:

  а) гимназиско образование,

  б) стручно образование/сектор земјоделство, ветеринарство и рибарство или

  в) стручно образование/сектор економија, право и трговија.

- Да ги исполнуваат критериумите утврдени со Конкурсот за упис и овој Оглас.

## 2. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЦИТЕ:

********************************

- **Среден успех на ученикот од VI до IX одделение.**
  По овој критериум ученикот може да добие најмногу 50 поени (општиот успех од шесто, седмо, осмо и деветто одделение се собира, се дели на четири и истиот број се множи со коефициент 10).

- **Среден успех на ученикот постигнат по четири предмети** (два наставни предмети задолжително за сите видови образование -мајчин јазик и странски јазик и два наставни предмети што се од значење за секторот).
  По овој критериум ученикот може да добие најмногу 20 поени (5 поени за секој предмет).

  **- за гимназиско образование –**
  - Природно – математичко подрачје (комбинација А) мајчин јазик, англиски јазик, математика и физика;
  - Природно – математичко подрачје (комбинација Б) мајчин јазик, англиски јазик, математика и биологија;
  - Општествено – хуманистичко подрачје (комбинација А) и (комбинација Б) мајчин јазик, англиски јазик, математика и историја и
  - Јазично уметничко подрачје (комбинација А) и (комбинација Б) мајчин јазик, англиски јазик, математика и историја.

  **- за стручно образование/сектор земјоделство, ветеринарство и рибарство** (мајчин јазик, англиски јазик, биологија, хемија).
  **- за стручно образование/сектор економија, право и трговија** (мајчин јазик, англиски јазик, математика, историја).

  (***мајчин јазик**: македонски јазик, албански јазик и турски јазик).

- **Дипломи** за освоени (I, II и III) места од меѓународни натпревари, како и државни натпревари (организирани од акредитирани здруженија од Министерството за образование и наука) по мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за секторот односно изборното подрачје.

  (***мајчин јазик**: македонски јазик, албански јазик и турски јазик).

  По овој критериум ученикот може да добие:
  - за освоена прва награда или златен медал на меѓународен натпревар 5 поени, втора награда или сребрен медал 4 поени и трета награда или бронзен медал 3 поени
  - за освоено место од државни акредитирани натпревари: за I место - 3 поени, за II место - 2 поени и за III место - 1 поен).

- **Средна вредност од поени добиени за поведение од VI до IX одделение**.
  По овој критериум ученикот може да добие најмногу 5 поени (примерно поведение се вреднува со 5 поени, добро поведение се вреднува со 3 поени и незадоволително поведение се вреднува со 0 поени. Средната вредност е збир од поените за поведението од шесто, седмо, осмо и деветто одделение поделен со 4).

- Учениците од ромската етничка заедница можат да се запишат во прва година во училиштето ако имаат до **10%** помалку поени од бројот на поените предвидени согласно Конкурсот за соодветните наставни планови и програми и ако ги задоволуваат дополнителните критериуми за испит на знаења и вештини во соодветното училиште.

- За учениците кои завршиле IX одделение во Република Северна Македонија, а едно, две или три одделенија (VI, VII, или VIII) завршиле во **странство**, за тие одделенија се зема успехот од IX одделение и важат истите критериуми за избор на ученици дадени погоре.

- Доколку во училиштето се пријават поголем број на ученици од предвидените во Конкурсот за упис и овој Оглас, а ги исполнуваат предвидените услови, се организира **квалификациско тестирање** по наставниот материјал од осмо и деветто одделение по следните наставни предмети и тоа:
  - за гимназиско образование - мајчин јазик и математика;
  - за сектор земјоделство, ветеринарство и рибарство - мајчин јазик и математика.
  - за сектор економија, право и трговија - мајчин јазик и математика

  * Тестирањето се однесува на сите ученици кои имаат ист број поени и се под и над последниот реден број предвиден за прием во Конкурсот за упис и овој Оглас.
  * Квалификациското тестирање ќе го реализира Комисија формирана од Министерот и истото за учениците ќе се реализира во училиштето, а врз основа на испитна програма и тестови изготвени од Бирото за развој на образованието.

## 3. <u>ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ</u>:
*********************************************

**По успешно електронско пријавување, учениците во училиштето ја доставуваат следната документација:**

- **Пријава за запишување;**

*(пријавата учениците можат да ја генерираат со печатење на електронската пријава преку системот за е-услуги);

- **Оригинални свидетелства од VI до IX одделение;**

- **Дипломи** (доколку имаат) од освоени (I, II и III) места од меѓународни и државни натпревари од мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за секторот, насоката односно изборното подрачје;

- **Извод од матична книга на родени (без оглед на датумот на издавањето);**

## 4. КОНКУРСКИ РОКОВИ

***********************

Пријавувањето на учениците ќе се врши преку **електронско аплицирање**, преку линк до системот за електронски услуги на Министерството за образование и наука **https://e-uslugi.mon.gov.mk** со посебна најава за средношколци преку сопствени кориснички сметки на **schools.mk.**

### 4.1. ЈУНСКИ УПИСЕН РОК – I (прво) електронско пријавување

**Првото** електронско пријавување на учениците ќе се врши **од 00:00 часот на 14 јуни** до 23:59 часот на **17 јуни 2025** година.

- **Доставувањето на потребната документација** до училиштето е на:
  - **18 јуни 2025 година** од **08:00** часот до **19:00** часот
  - **19 јуни 2025 година** од **08:00** часот до **17:00** часот.

- **Конечната ранг листа** со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објави на **20 јуни 2025 година,** најдоцна до **12:00** часот на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страна http://www.csamoil.edu.mk.

- Квалификациско тестирање ќе се организира во училиштето на 23 јуни 2025 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 23 јуни 2025 година на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страна http://www.csamoil.edu.mk.

Минимумот поени за второто пријавување (за средно стручно образование/сектор земјоделсто, ветеринарство и рибарство) ќе биде објавен на **28 јуни 2025 година.**

### 4.2. ЈУНСКИ УПИСЕН РОК – II (второ) електронско пријавување

**Второто** електронско пријавување на учениците ќе се врши на **30 јуни 2025** година од **00:00** часот до **23:59** часот.

- **Доставувањето на потребната документација** до училиштето е на:
- **01 јули 2025 година** од **10:00** часот до **19:00** часот,

- **Конечната ранг листа** со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објави на **02 јули 2025 година,** најдоцна до **12:00** часот на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страна http://www.csamoil.edu.mk.

- Квалификациско тестирање ќе се организира во училиштето на 04 јули 2025 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 04 јули 2025 година на јавно место во училиштето.

## 4.3. АВГУСТОВСКИ УПИСЕН РОК

Учениците кои се упатени на поправни испити, испит на година, испити за побрзо напредување, може да се запишат во училиштето доколку има слободни места и ги исполнуваат условите пропишани со Конкурсот и овој Оглас, после јунскиот уписен рок со две пријавувања.

- **Пријавувањето** учениците ќе се врши **<u>електронски</u>** на **21 август 2025 година** од **00:00 часот до 15:00 часот.**
- **Доставувањето на потребната документација** до училиштето е на **21 август 2025 година** од **08:00** часот до **17:00** часот.
- **Конечната ранг листа** со резултатите од запишувањето ќе се објави на **22 август 2025 година,** најдоцна до **10:00** часот**.**

*****По објавување на конечната ранг листа со резултатите од запишувањето**, учениците кои не се запишани во училиштето, задолжително ја подигнуваат целокупната доставена документација поднесена во училиштето во рок од 24 часа,** а училиштето **има обврска да** ја врати целокупната документација на учениците во рок **од 24 часа.**

**Ученици кои ја повториле годината** должни се да се запишат во првиот уписен рок, а оние што ќе повторат на поправниот испит можат да се запишат на 21 август 2025 година, во спротивно го губат правото на упис во учебната 2025/2026 година.

Претседател на Комисија за запишување на ученици
**Динче Кочевска**